— во учебниците по историја треба да се посвети посебно внимание при обработката на народната револуција и современите настани. НОВ, народната револуција и современата историја даваат големи можности за развивање на духот на заедништвото на нашите народи. Револуционерното минато на сите наши народи и народности треба во учебниците што поадекватно да им се приближи на учениците, така што сите етнички вредности на нашата револуција да станат патоказ и извор на морална сила на младите поколенија.

— дидактичкото обликување на современиот учебник по историја мора да биде во согласност со резултатите на педагошката наука, со современите процеси на наставата и со потребите на нашето самоуправно општество. Искуствата од работата со работните учебници во некои наши републики во тој поглед покажува видни резултати. Затоа во наредниот период треба што повеќе во нашата практика да најдуваат место работните учебници.

— „Настава по историја", со своите стручно методски прилози придонесува за унапредување на наставната практика. Бидејќи е списанието од сојузно значење и претставува неопходна помош за наставниците, треба да им се препорача на наставниците да се преплатат на списанието.

— Симпозиумот едногласно го усвои предлогот на претставниците на СР Хрватска, Четвртиот Симпозиум на наставата по историја да се одржи во СР Хрватска, на тема: а) **Марксистичкото образование и воспитание во наставата по историја"** и б) **„Наставните средства и технологијата во наставата по историја".**

— решено е материјалите од Симпозиумот да се печатат во списанието „Настава по историја".

**Д. Л.**

## ТРЕТИОТ МЕЃУНАРОДЕН КОНГРЕС ЗА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
### Букурешт, 1974 година

По конгресите во Софија (1966) и Атина (1970), Третиот меѓународен конгрес за Југоисточна Европа се одржа меѓу 4 и 10 септември 1974 година во Букурешт, главен град на Социјалистичка Република Романија. Интересот за Третиот балканолошки конгрес беше голем, не само кај историскиот свет, туку по различната тематика што ја опфаќаше (историја, литература, етнографија, лингвистика и право) даде можност овој европски регион да биде претставен и истовремено анализиран од историска, етнографска, лингвистичка и правна гледна точка. Самото големо учество на културни претставници (историчари, лингвисти, етнографи) го потврдува значењето и улогата што ја имаше Источна Европа и ја има во развитокот на европската и светската цивилизација. И домаќините го дадоа соодветното внимание. Работата на Конгресот се одвиваше под високото покровителство на претседателот на Државниот Совет на СР Романија и прв секретар на Романската Комунистичка Партија, Николае Чаушеску. Присутни биле господин

Халил Иналчик претседател на AIESEE и господин Мишел Франсоа, претседател на Меѓународниот комитет за историја и господин Мишел Конил-Лакост, претставник на УНЕСКО. Во конгресните работи учествуваше 1.591 учесник, со 87 реферати и 650 соопштенија. Конгресот работеше по секции: историја (стар век, среден, нов и најнов период), лингвистика, литература, фолклор, етнографија и право. Далеку сме да ја негираме важноста за науката на другите науки (лингвистика, фолклор, право), меѓутоа, историјата беше таа што привлече особено внимание по разновидната тематика и по присуството на сите можни сфаќања и толкувања на историските настани. Букурешт беше место на различни историски школи и историски тенденции. За грчкиот историчар Апостолос Даскалис, грчката нација постоела уште од 1453 (?), кога Турците, во времето на Мехмед II, го освојиле Константинопол. Но, ако една вакваоценка на грчкиот историчар помина повеќе како лично убедување, рефератот на младиот француски етнограф. Жорж Дрета, со насловот: „Нашите“: „Еден пример на меѓуетнички контакт во Македонија, селото Хриса“, сепак го привлече вниманието на присутните. Според Дрета, во Хриса[1], домородното население во неговото големо мнозинство зборуваа македонски, а бегалското население (Грци дојдени од Мала Азија) зборуваат грчки јазик. Ако историчарите од Југославија, Романија, Советскиот Сојуз, Чехословачка, Полска и од западните земји, историјата и историските настани ги презентираа со соодветната научност, за еден ваков научен собир, за жал, бугарските историчари го искористија и овој Конгрес за докажувањето на божемниот бугарски карактер на Македонија. За бугарските историчари и Букурешт, како и Варшава, беше уште еден повод да истапат со своите познати ненаучни, тенденциозни и великодржавни позиции. „Македонското прашање, изјавуваше еден бугарски историчар, ако постоеше тоа единствено постоеше како бугарско... и дека Македонија никогаш немала етнографски туку само географски карактер“. Но, вакви антинаучни истапувања од бугарската страна постоеле и во однос на најновата историја на македонскиот народ. За бугарската историска наука нашата национално ослободителна војна од 1941—1944 година има само социјален карактер, а не и национален. Вакви и други слични „научни аргументи“, што се во расчекор не само со историската наука туку и со научниот морал и научното достоинство, добија соодветни одговори. И тука во Букурешт, желбата на бугарските историчари да кристализираат едно сфаќање во редовите на академскиот свет во однос на историјата на македонскиот народ имаше малку шанси за убедување и простор. Македонските историчари, македонските фолклористи учествуваа со голем број реферати и соопштенија. Историската мисла на Македонија беше, главно, претставена од историчари од Институтот за национална историја и од Филозофскиот факултет — Скопје. За тур-

[1] Населено место во Егејска Македонија.

ският период реферат под наслов: „Дијетот (крвнината) во Македонија за време на турското владеење поднесе д-р Александар Матковски. За новата и поновата историја на македонскиот народ реферати поднесоа: д-р Манол Пандевски: „Македонија во политиката на европските сили во текот на источната криза (1876—1878)", д-р Ристо Поплазаров: „Македонците и ослободителните движења на Балканот во 60—70-тите години на XIX век", д-р Орде Иваноски: „Односот на балканските социјалисти кон политиката на големите сили и балканските влади спрема Македонија од 90-те години на XIX век до 1919 година"; д-р Миле Тодоровски: „Македонија во односите меѓу балканските и некои европски држави пред и почетокот на Втората светска војна"; д-р Вера Вангели: „Некои манифестации на солидарност на работничкото движење во Македонија во ноемвриската револуција во Германија", Марија Јовановиќ: „Југословенско-бугарските односи низ аспектот на просветните прилики во Вардарска Македонија 1919—1929", Тодор Симовски и Стојан Киселиновски: „Македонија во плановите на Хитлеровската коалиција во 1940—1941 година". Исто така, треба да се забележи учеството на Методија Соколовски, редовен професор на Филозофскиот факултет во Скопје со рефератот: „Процесот на исламизација на христијаните на јужниот Балкан во текот на XV и XVI век", д-р Блаже Ристовски со рефератот: „Местото на македонската научно-литературна „дружина", д-р Данчо Зографски со рефератот под наслов: „Die Verbundenheit der Geschehnisse in Makedonien und auf dem Balkan zu Beginn des XX jahrhunderts и други.

Со неговото учество, со учеството во дискусиите по секции, македонските историчари исполнија еден голем долг во прв ред пред историската објективност и вистинитост, давајќи уште еден пример дека историјата треба да ѝ служи во прв ред на науката и да биде мост на разбирање и соработка меѓу народите од Југоисточна Европа.

С. К.

## ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ИСТОРИЧАРИТЕ НА ГРАД СКОПЈЕ

На 15 октомври 1974 г., во салата на Институтот за македонски јазик, се одржа годишно собрание на Друштвото на историчарите на град Скопје на кое присуствуваа 60 членови.

Во извештајот за работата беше истакнато дека во изминатиот двогодишен период се случија крупни општествено-политички настани во нашата земја. Донесени се новите устави на СФРЈ и СРМ. Нашето социјалистичко самоуправно општество влезе во квалитетно нова и повисока етапа во својот развиток. Одржани се X Конгрес на СКЈ и VI Конгрес на СКМ, кои имаат големо значење за натамошниот развиток на нашето општество и за оживотворувањето на уставните начела.